**ЗАПИСНИК**
**од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Горјан Шеќеринов, м-р Луција Ѓурковиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Јанчески пет минути пред започнување на седницата му пратил порака дека е заглавен во сообраќајна гужва и дека ќе пристигне секој момент на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со точката објасни дека сите членови на Советот преку електронска пошта добиле известување дека радиодифузерот извршил уплата. Информира дека претставник од Радио КАПИТОЛ ФМ не е присутен, а и причината поради што е закажана оваа точка е невалидна затоа што радиодифузерот во целост го уплатил износот за годишниот надоместок за дозволата. Во таа насока ја затвори седницата.

**Точка 2**

**Разно**

Бр. 02-319/2
31.01 2020 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**